# СООПШТЕНИЕ!

Почитувани студенти,

На триесет и четврта седница Владата на Република Северна Македонија ги усвои препораките на Главниот координативен кризен штаб за справување со КОВИД-19 (ГККШ) ги донесе следните заклучоци: да се започне настава со физичко присуство на факултетите во земјата со почитување на препорачаните превентивни мерки за превенција од корона вирус КОВИД-19, задолжително носење заштитни маски во затворен простор, одржување на физичко растојание 1-2 метри, зачестена хигиена на рацете со задолжителна дезинфекција пред влезовите во предавалните, амфитеатрите, вежбалните, односно негрупирање и често проветрување на затворените простории, со препорака за вакцинација на студентите и наставниот кадар на факултетите во државата.